ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Државниот завод за ревизија,** застапуван од Главниот државен ревизор, м-р Максим Ацевски,

и

**Управа за финансиска полиција**, застапувана од в.д. Директорот Горан Иванов,

потпишуваат:

# Меморандум за соработка и зајакнување на меѓу-институционалната комуникација меѓу Државниот завод за ревизија и Управата за финансиска полиција

## Член 1

Целта на овој Меморандум е да се утврди рамката во која се реализира соработката меѓу институциите потписници за работи од заеднички интерес кои се темелат на нивните со закон пропишани надлежности, да ја зајакнат соработката и да го подобрат квалитетот начинот на меѓусебната комуникација заради обезбедување навремено, целисходно и ефикасно постапување по утврдените состојби во конечните извештаи за извршена ревизија во пост-ревизорскиот процес.

## Член 2

Управата за финансиска полиција и Државниот завод за ревизија, ја изразуваат својата подготвеност да дејствуваат заеднички во насока да обезбедат:

1) навремена, непосредна и взаемна комуникација која ќе обезбеди размена на суштествени информации, поврзани со наоди, мислења, заклучоци и препораки содржани во конечните ревизорски извештаи;
2) соработка меѓу стручни тимови од државни ревизори и овластени службени лица во Управата за финансиска полиција за потребите од

извршување на законски пропишаните надлежности на Државниот завод за ревизија и Управата за финансиска полиција;

3) подготовка на заеднички проекти за унапредување на меѓу-институционалната соработка во извршување на законските надлежности на Државниот завод за ревизија и Управата за финансиска полиција;
4) транспарентност во постапувањето по конечните ревизорски извештаи согласно законски пропишаните постапки за постапување од надлежност на Државниот завод за ревизија и на Управата за финансиска полиција.

**Член 3**

Државниот завод за ревизија ќе ги преземе следните активности:

- да номинира лица од Државниот завод за ревизија за воспоставување ефикасна и ефективна комуникација со Управата за финансиска полиција;
- по објавувањето на конечен ревизорски извештај во кој се констатирани состојби кои може да претставуваат дејствие на прекршок или кривично дело кој ќе биде проследен до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, истовремено да биде писмено известена и Управата за финансиска полиција дека конечен ревизорски извештај е доставен и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија со цел координиран пристап во понатамошните дејствија кои ќе бидат преземени по однос на констатираните состојби;
- да одржува директна комуникација со овластено службено лице во Управата за финансиска полиција и во тој контекст да му обезбедува дополнителна стручна помош кои му се потребни во постапката на преземање дејствија од надлежност на Управата за финансиска полиција согласно Законот за финансиска полиција;
- да учествува во организирање на настани, работилници за континуирано професионално оспособување и зајакнување на знаења од областа на државната ревизија и постапување по конечните ревизорски извештаи за посебно избрани групи на овластени службени лица вработени во Управата за финансиска полиција;